Архивски број: 08-348/4
2 6 -07- 2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-348/1 од 09.05.2023 година, поднесена од [redacted] – Скопје против Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за сторена дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 18.07.2023 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА повеќекратна директна дискриминација врз основ на државјанство и врз основ на здравствена состојба сторена врз студенти странски државјани од страна на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во областа на образование, наука и спорт.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На 09.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) од страна на [redacted] – Скопје, со адреса на ул. [redacted] Скопје преку извршен директор [redacted] поднесе претставка за заштита од дискриминација број 08-348/1.

Во претставката се тврди дека во „Водичот за странски студенти“ на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се наведени листи на документи кои странските студенти треба да ги поднесат за посетување на подготвителна настава по македонски јазик, како и за пријавување и упис на избраниот факултет, односно наведено е лекарско уверение со вклучителен ХИВ и хепатит Ц тест. Според подносителот, со вметнување на условот на лекарско уверение со тест за ХИВ и хепатит Ц, Универзитетот сторил повреда на член 8 став 1 и член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација – директна дискриминација и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Подносителот наведува дека согласно член 5 и член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на здравствена состојба, што се применува од сите правни и физички лица во областа на образованието, науката и спортот. Понатаму, во претставката се наведува и членот 7 од Универзалната декларација за човекови права, според кој сите се еднакви пред законот и имаат право


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

на еднаква правна заштита без дискриминација, како и членот 13 од Пактот на Обединетите Нации за економски, социјални и културни права, на кој Република Северна Македонија е членка од 1994 година, кој член предвидува дека сите имаат право на образование, додека високото образование треба да е достапно за сите. Во насока на толкување на овој член, како што е наведено во претставката, е и општиот коментар бр. 13 на Комитетот за економски, социјални и културни права, според кој достапноста или недискриминацијата во остварување на правото на образование вклучува и странци и лица на коишто не им е регулиран престојот во државите-членки. Оттука, се наведува дека со условот за лекарско уверение, кое вклучува тест за ХИВ и хепатит Ц, Државниот универзитет „Гоце Делчев" презел дејствија за разликување на лица врз основа на здравствена состојба при остварување на своето право на образование. Со тоа самото барање за лекарско уверение за ХИВ и хепатит Ц тест не само што е спротивно на законската одредба за забрана на дискриминација, туку и придонесува кон поттикнување на дискриминација и стигматизација на лицата кои живеат со ХИВ, без оглед на тоа дали истите се државјани на Република Северна Македонија или се странци. Ваквиот дополнителен услов, односно приложување на лекарско уверение со тест за ХИВ и хепатит Ц, според подносителот не може да се смета за мерка која не претставува дискриминација согласно членот 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, затоа што правото на образование, согласно веќе наведеното, не е условено со државјанството и затоа што дополнителниот услов не е легитимна цел, туку е различен непропорционален третман. Во однос на второто, подносителот наведува дека нелегитимната цел се огледа во тоа што нема оправдан интерес за обелоденување на такви информации за здравствена состојба за остварување на правото на образование. Притоа, во претставката се истакнува случај од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, во кој случај судот има пресудено дека со оглед на преносот на вирусот, самото присуство на претпоставено лице што живее со ХИВ во одредена земја не значи само по себе закана за јавното здравје и не треба да се прејудицира дека лицето ќе се впушти во активности кои ќе значат и пренос на самиот вирус. Оттука, се наведува дека барањето за приложување на тест за ХИВ или хепатит Ц за да се добие или ужива одредено право или слобода, како на пример слобода на движење или работа, може да е контрапродуктивно и да ги одврати лицата да се тестираат за ХИВ, да добијат соодветна здравствена грижа или да се спречи. Следствено, се наведува и дека Глобалната комисија за ХИВ и правото на Обединетите нации препорачува дека законите коишто бараат тестирање на странци за ХИВ треба да се укинат или поништат. Понатаму, подносителот наведува и дека барањето да се приложи тест за ХИВ и хепатит Ц при аплицирање и упис на студенти од странство на Државниот универзитет „Гоце Делчев" - Штип е задолжително, бидејќи е карактеризирано како еден од документите кои се потребни за да се запишат студентите на избраниот факултет при Универзитетот, и со тоа, е спротивно на препораките на Светската здравствена организација, според кои тестирањето за ХИВ треба да е доброволно, односно лицето коешто се тестира треба да се информира дека има право да го одбие


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

тестот и дека треба да даде согласност за да се направи ХИВ-тест. Дополнително, подносителот во однос на непропорционалноста на бараното лекарско уверение со тестови за ХИВ и хепатит Ц, наведува дека истото согласно праксата на Европскиот суд за човекови права е непропорционално бидејќи задира повеќе отколку што е потребно во правото на приватен и семеен живот на студентите од странство кои би се запишале на универзитетот, отколку што е тоа потребно за заштита на јавниот интерес. На крајот подносителот наведува дека согласно сето наведено бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да утврди дека Универзитетот со вклучување на лекарско уверение, со тест за ХИВ и хепатит Ц, сторил продолжена, директна дискриминација и поттикнува на дискриминација кон странците и лицата што живеат со ХИВ и да донесе мислење со начин за отстранување на повредата на Законот за спречување и заштита од дискриминација, кое би вклучувало отстранување на барањето за тест за ХИВ и хепатит Ц во листата на документи за упис на студенти од странство.

Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со допис бр. 0302-556/2 доставен до Комисијата на 29.05.2023 година, се изјасни за наводите во претставката. Имено, во дописот се наведува дека Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од „Водичот за странски студенти" го има изземено – тргнато и не го бара лекарското уверение за ХИВ и хепатит Ц тест, како потребен документ за упис за студирање на Универзитетот. Притоа, се наведува дека се направени измени за потребните документи на интернет страната, и тоа во верзиите на англиски, турски и македонски јазик, за што се приложени и интернет врски од соодветните интернет страни.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Повеќекратна дискриминација, согласно член 4 став 1 точка 10 од Законот е дискриминација вршена кон едно лице или група врз повеќе дискриминаторски основи.

Според член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Согласно член 149 став 7 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. 82/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 154/2019 и 178/2021), „студентите странски државјани се запишуваат на студии на јавните и приватните високообразовни установи под исти услови како и државјаните на Република Македонија и плаќаат школарина во висина утврдена од страна на универзитетот, односно самостојната висока стручна школа".

Имајќи ги во предвид изнесените факти и околности во претставката на подносителот и во изјаснувањето на потенцијалниот дискриминатор, Комисијата утврди дека од страна на Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип е сторена директна дискриминација кон студенти странски државјани врз основа на државјанство и врз основа на здравствена состојба.

Комисијата ја утврди фактичката состојба во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката, за што во конкретниот случај истакнатите тврдења во претставката на подносителот беа сметани за веројатни.

Имено, Комисијата при определување на директната дискриминација утврди постоење на две групи на лица. Едната група на лица идентификувана како домашни студенти, државјани на Република Северна Македонија, а другата група на лица, странски студенти, односно недржавјани на Република Северна Македонија. Следствено, Комисијата најде дека Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за странски студенти, односно лица со странско државјанство или лица кои немаат државјанство на Република Северна Македонија, за разлика од домашните студенти, во листата на потребни документи за упис на студии на факултет при универзитетот, *inter alia*, неосновано предвидел и документ лекарско уверение, вклучително и ХИВ и хепатит Ц тест. Ваквиот документ Универзитетот го предвидел во „Водичот за странски студенти" како електронски документ во „PDF" формат достапен на официјалната интернет страна на Универзитетот, но и во одредени подстрани или подкатегории како составен дел од истата интернет страна. Оттука, Универзитетот со странските студенти постапувал понеповолно во однос на домашните студенти, а во врска со упис на студии на Универзитетот во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со што ја прекршил забраната предвидена во членот 5 од

истиот закон, дискриминирајќи ги странските студенти врз основ на државјанство, но и странските студенти врз основ на здравствена состојба.

Комисијата утврди дека покрај тоа што така бараното лекарско уверение со тестовите за ХИВ и хепатит Ц непосредно не претпоставува потенцијална не можност за упишување на соодветни студии и остварување на право на образование како такво, сепак ги дискриминира и странските студенти врз основа на нивната здравствена состојба. Според Комисијата, таквиот документ ги дискриминира врз основа на државјанство сите странски студенти воопшто, но во рамки на оваа група дискриминира и група на лица, односно лица кои живеат со ХИВ. Оваа група на лица кои живеат со ХИВ, покрај врз основ на државјанство, дискриминирана е и врз основ на здравствена состојба споредбено со странските и домашните студенти како лица кои не живеат со ХИВ, со што врз нив е сторена повеќекратна дискриминација по два дискриминаторски основи во смисла на член 4 став 1 точка 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причини на разумно претпоставена неможност за остварување на правото на образование на еднаква основа со другите лица, која произлегува од самото тоа дека воопшто е предвидено лекарско уверение со вклучени тестови за ХИВ и хепатит Ц во листата на документи, па оттука разумно е да се претпостави мотивот за предвидување на истото и последиците врз лицата кои живеат со ХИВ. Комплементарно на наведеното е тоа што бараното лекарско уверение со предметните тестови не претставува легитимна цел, односно нема никаква поврзаност со јавното здравје, бидејќи вклученоста на странски студенти како лица кои живеат со ХИВ во студии на Универзитетот, само по себе не подразбира и не претставува опасност по јавното здравје. Дотолку што, на Универзитетот можат да се запишат домашни студенти како лица кои живеат со ХИВ без притоа задолжително да приложуваат лекарско уверение, вклучително со тестови за ХИВ и хепатит Ц и дотолку што самиот универзитет не може да воспоставува правила и практика на различни услови за запишување на студии спротивно на закон, односно спротивно на членот 149 став 7 од Законот за високото образование.

Во насока на наведеното, а во смисла на нелегитимно и противправно разликување врз основ на здравствена состојба е и судската пракса на Европскиот суд за човекови права со пресудата во случајот „Kiyutin v. Russia 2700/10“, во која востановила првенствено дека состојбата со ХИВ инфекција е здравствена состојба која пак претставува дискриминаторска основа врз која не може со одредено лице или група на лица да се постапува различно, односно понеповолно, додека лицата кои живеат со ХИВ се ранлива категорија како резултат на предрасуди и стигматизација од страна на општеството. Судот во овој случај утврдил дека мерките со кои се ограничува и се спречува влез и престој во земјата на странски државјани поради тоа што се лица кои живеат со ХИВ со образложение дека се неопходни за заштита на јавното здравје се неосновани. Според судот присуство на лице кое живее со ХИВ во земјата, само по себе не претставува закана за јавното здравје, од причини што ХИВ не се пренесува случајно, туку преку специфични однесувања на индивидуата, па оттука исклучувањето на ХИВ-позитивните недржавјани од влез и/или престој со цел


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

да се спречи преносот на ХИВ се заснова на претпоставката дека тие ќе се вклучат во специфично небезбедно однесување и дека нема да се преземат вообичаените мерки на заштита од пренесување кои се однесуваат воопшто на сите лица во земјата. Дотолку што судот несомнено го смета за релевантен постојниот консензус меѓу експертите и меѓународните организации активни на полето на јавното здравје кои се согласни дека ограничувањата за патување на лицата кои живеат со ХИВ не може да се оправдаат со повикување на грижи за јавното здравје, притоа наведувајќи и повикувајќи се на определени документи од меѓународни организации, како што се „Извештај за консултациите за меѓународни патувања и ХИВ инфекција", 2-3 март 1987 година на Светската здравствена организација, Меѓународните упатства за ХИВ/СИДА и човекови права на Канцеларијата на Обединетите нации на Високиот комесаријат за човекови права, „Забелешка за ХИВ/СИДА и заштита на бегалците, ВРЛ и други лица од загриженост", 2006 година на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации, „Правни аспекти на ХИВ/ СИДА", 2007 на Светска банка и Препорака за ХИВ и СИДА и светот на работата бр. 200 од 2010 година на Меѓународната организација на трудот, кои го делат ставот дека патните ограничувања се неефикасен метод за спречување на ширење на ХИВ.

Во однос на наведеното Меѓународните упатства за ХИВ/СИДА и човекови права на Канцеларијата на Високиот комесаријат за човекови права на ООН и УНАИДС, меѓу другото, истакнуваат дека „државите најчесто го наведуваат јавното здравје како основа за ограничување на човековите права во контекст на ХИВ. Меѓутоа, многу такви ограничувања го нарушуваат принципот на недискриминација, на пример кога ХИВ статусот се користи како основа за различен третман во однос на пристапот до образование, вработување, здравствена заштита, патување, социјално осигурување, домување и азил. Не постои јавно здравствено образложение за ограничување на слободата на движење или избор на живеалиште врз основа на ХИВ статус.". Исто така, Изјавата на УНАИДС/ИОМ за ограничувањата за патување поврзани со ХИВ/СИДА од јуни 2004 година со содржаните препораки, меѓу другото, востановува дека „ХИВ/СИДА не треба да се смета за состојба која претставува закана за јавното здравје во врска со патувањето бидејќи, иако е заразен, вирусот на хумана имунодефициенција не може да се пренесе само со присуство на лице со ХИВ во една земја или преку неврзан контакт (преку воздух или од вообичаени медиуми како храна или вода). ХИВ се пренесува преку специфични однесувања кои речиси секогаш се приватни. Затоа, превенцијата бара доброволни акти и не може да се наметне. Рестриктивните мерки всушност можат да се спротивни на интересите на јавното здравје, бидејќи исклучувањето на не државјаните заразени со ХИВ ја зголемува климата на стигма и дискриминација на луѓето што живеат со ХИВ и СИДА, и на тој начин може да ги одврати државјаните и не-државјаните да се појават за да ги користат услугите за превенција и грижа за ХИВ. Згора на тоа, ограничувањата против не државјаните кои живеат со ХИВ може да создадат погрешен впечаток на јавноста дека ХИВ/СИДА е „странски" проблем што може да се контролира преку мерки како


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

што се гранични контроли, наместо преку здрава едукација за јавното здравје и други превентивни методи.".

Дополнително на наведеното, согласно испратениот допис до Комисијата, е и фактот што самиот Универзитет „Гоце Делчев" – Штип по добивањето на претставката испратена со барање од Комисијата, постапил на начин што во три јазични верзии на подкатегорија на сопствената интернет страна, го отстранил спорното лекарско уверение од листата на документи за упис на странски студенти, потврдувајќи ја свесноста за несоодветното постапување и третман.

Оттука, согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисијата по увид на интернет страната на Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип, сепак најде дека и покрај преземените дејствија за отстранување на предметното лекарско уверение од страна на универзитетот, истото е предвидено во одредени подстрани, односно подкатегории на интернет страната.

Имено, лекарското уверение со вклучени тестови за ХИВ и хепатит Ц, сè уште е предвидено како баран документ на македонската верзија од интернет страната на Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во категоријата студенти, во подкатегоријата странски студенти на следната интернет адреса: „https://www.ugd.edu.mk/images/en/pravila_stranski_studenti/PRAVILA_MK.pdf", како и на англиската верзија на истата интернет страна, во категоријата „international students" во поднасловот „Study programmes in English" кој води до подкатегоријата „ENROLMENT" на следната интернет адреса: „https://www.ugd.edu.mk/index.php/en/study-at-ugd/study-programmes-and-programmes-in-english/enrolment".

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип во рок од 30 дена од денот на добивањето на ова мислење целосно да го отстрани наведеното лекарско уверение со вклучителните тестови за ХИВ и хепатит Ц од сопствената интернет страна и за тоа да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во иднина да се воздржува од преземање на дејствија на дискриминација и воспоставување на практики на нееднаков третман на студенти странски државјани согласно наведеното во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*
*1. Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ул. Крсте Мисирков бр. 10А, Штип*
[redacted]
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk